| Дел | Назив на предметот на набавката | мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ддв | ДДВ 5% | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Fremanezumab | 225 mg/1,5ml | 84 | 30.196,00 | 2.536.464,00 | 126.823,20 | 2.663.287,20 |

Член 3

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната вредност на договорот е без 5% ДДВ 2.536.464,00 ,односно со 5% ДДВ 2.663.287,20 ден.

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ

Член 5

Во текот на периодот на важноста на договорот, набавувачот е должен да го извести добавувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот, набавувачот е должен без одлагање да го извести добавувачот за зголемување на ризикот од навремено плаќање на фактурите.

Член 6

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните страни) обврските од оваа спогодба се пренесуваат на новиот субјект се до истекот на времето за кој е склучена.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Договорот важи на определено време за период од 1 година од денот на склучувањето на договорот.